# THE ROLE OF THE WORLD BANK IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**Marina Blazhekovikj Toshevski**
St. Kliment Ohridski University – Bitola, R. Macedonia marina.blazekovic@yahoo.com
**Savo Ashtalkoski**
FON University, R.Macedonia astalkoskis@yahoo.com
**Bardhyl Tushi**
Ministry of education and science, R.Macedonia btushi@gmail.com

**Abstract:** One of the main and most significant specialized autonomous agencies of the United Nations and the chief coordinator of the world economy is the World Bank (WB). The Republic of Macedonia became part of the World Bank in 1993. The World Bank is committed to supporting the state by improving living standards in it. The World Bank mission for the Republic of Macedonia is financing various projects to encourage the creation of new jobs, thus improving the social and economic situation. Also, the World Bank invests in the infrastructure of the country, offers consulting services and research on capacity building and strives for the development of human resources. At the moment, the World Bank works with the Republic of Macedonia on the Partnership Strategy for the period 2015-2018. It is about the realization of projects that will lead to improvement of the economic condition of the country. The purpose of the Strategy is to bring R. Macedonia step closer to its goal - joining the European Union. The World Bank is an outstanding partner of the state. This group has greatly contributed to the reforms and modernization of all segments of the Macedonian economy. The focus of this institution is to strengthen the competitive ability, to improve the macroeconomic environment, to reduce the unemployment in the country, and thus to achieve economic growth, realization of projects and support of investments in the field of energy sector, improvement of the system of social protection, all of which lead to the approach of the state to the European Union. Therefore, the aim of this paper is to analyze and to give a detailed overview of World Bank financed projects in the Republic of Macedonia in order to understand its significance and its role in the Macedonian economy.
**Keywords:** World Bank, projects, economic growth.

# УЛОГАТА НА СВЕТСКА БАНКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Марина Блажековиќ Тошевски**
Универзитет Св. Климент Охридски – Битола, Р. Македонија marina.blazekovic@yahoo.com
**Саво Ашталкоски**
ФОН Универзитет, Р. Македонија astalkoskis@yahoo.com
**Бардуљ Туши**
Министерство за образование и наука, Р. Македонија btushi@gmail.com

**Резиме:** Еден од основните и најзначајните специјализирани автономни агенции на Обединетите Нации и главен координатор на светската економија е Светска банка – World Bank (WB). Република Македонија стана дел од Светска Банка во 1993 година. Светска Банка се залага за подршка на државата со подобрување на стандардите за живеење во неа. Мисијата на Светска Банка за Р. Македонија е преку финансирање на различни проекти да поттикне создавање на нови работни места, а со тоа да се подобри социјалната и економската состојба. Исто така Светска Банка инвестира во инфраструктурата на државата, нуди консултациски услуги и истражувања за градење на капацитети и се стреми кон развој на човечки ресурси. Во моментов Светска Банка работи со Република Македонија на Стратегијата за партнерство за периодот 2015-2018 година. Се работи за реализирање на проекти кои ќе доведат до подобрување на економската состојба на државата. Целта на Стратегијата е да ја доведе Р. Македонија чекор поблизу до нејзината цел – влез во Европска Унија.
Светска банка претставува исклучителен партнер на државата. Оваа групација има многу придонесено во реформите и модернизирањето на сите сегменти на македонската економија. Фокусот на оваа институција е да ја зајакне конкурентната способност, да го подобри макроекономското опкружување, да се намали невработеноста во државата, а со тоа да дојде до економски раст, реализација на проекти и подршка на инвестиции во областа на енергетскиот сектор, подобрување на системот на социјална заштита, а сето тоа да доведе до доближување на државата до Европска Унија.

Во таа насока е и целта на овој труд, да се направи анализа и да се даде еден детален преглед на проектите финансирани од Светска банка во Република Македонија како би се согледало нејзиното значење и нејзината улога во македонската економија.

**Клучни зборови**: Светска банка, проекти, економски раст.

## 1. ВОВЕД

Република Македонија е држава со средно-високо ниво на приходи, потребни се реформи во економијата се со цел да се создаде економски раст и унапредување на животниот стандард на нејзините жители. Во последната деценија остварени се голем број развојни активности благодарение на најзината соработка со Групацијата на Светска банка, но сепак се потребни дополнителни напори во повеќе области за значителен развој на државата.

Република Македонија е член на Светска банка од 1993 година. Ангажманите на Светска банка за подршка се неопходни бидејќи државата се наоѓа во процес на економски развој. Моментално Светска банка се залага да обезбеди доволно финансии за креирање на макроекономска стабилност и здрав финансиски сектор

## 2. ЕКОНОМСКИ РАСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И УЛОГАТА НА СВЕТСКА БАНКА

Следните три области претставуваат приоритетни аранжмани за економски раст на Република Македонија:

- Интензивирање на економскиот раст. Согласно поставените критериуми за влез во Европската Унија, мора да бидат стимулирани и поддржани сите оние економски активности кои подразбираат зголемување на нивото на економски раст.
- Поддржување на реформите во финансискиот сектор, јавниот сектор и во секторот на претпријатијата.
- Имплементација на стратегија за намалување на сиромаштијата. Поради високата стапка на невработеност, се неопходни програми со кои се врши преквалификација на работниците.

Заемите на Светска Банка за Р. Македонија во јуни 2016 година изнесуват околу 654 милиони американски долари. Значаен удел од овие финансии се искористени за проектите за децентрализација на општините. Соработката со Светска Банка овозможува и олесната трговија и транспорт, што е многу важно за Р. Македонија чија што надворешна трговија претставува голем дел од структурата на GDP.

Светската Банка во соработка со Владата на Република Македонија изготви Стратегија во периодот од 2007-2010 годинаа која се однесува на олеснување на напорите за влез во Европската унија и нагласување на економскиот раст. Стратегијата се состои од:

1. **Ефикасно менаџирање со јавните ресурси и искоренување на корупцијата**. Ефикасното менаџирање и употреба на јавните ресурси претставува важна проблематика која се решава со поставување акцент на зајакната контрола на јавните финансии. Светската Банка обезбедува помош и совети за успешно имплементрирање на децентрализацијата и во врска со консолидирањето на буџетските фондови.
2. **Креирање на работни места преку унапредување на приватниот сектор**. За да се намали високата стапка на невработеност беа поставени повеќе-годишни програми за реформи во насока на стимулирање на приватниот сектор. За таа цел беа превземени мерки за подобрување на бизнис климата во државата, создавање на ефикасна банкарска регулатива, зајакнување на финансискиот сектор, подобрување на судството, создавање на ефикасна банкарска регулатива.
3. **Промовирање социјална кохезија и заштита на најзагрозените**. Оваа стратегија се однесува на креирање на високо квалитетно образование достапно осебно за сиромашните деца. Оваа цел мора да биде примарна за социјалната политика. Инвестирањето е со цел да се продуцира квалитетен кадар кој би обезбедил ниво на егзистенција над просечното.

Во 2011 година е изготвена нова стратегија за подготвување и побрз влез на Р. Македонија во Европската Унија во периодот од 2011-2014:

1. **Брз раст и конкурентност** – инвестиции во инфраструктурата, образованието, судскиот систем и катастарот и подобрување на деловната клима.
2. **Сеопфатен раст** – кој се залага за поттикнување на работната сила и поефикасна социјална заштита.
3. **Зелен раст** – ивестициите во одделот на земјоделието и енергетскиот сектор и креирање на водни ресурси.

Тековната стратегија за подобро економско унапредување за влез во Европска Унија која ке се одвива од 2015-2018:

1. **Економски раст и конкурентност** – подобрен фискален и јавен финансиски менаџмент, конкурентност, зголемен извоз, подобрување на инфраструктурата, зголемување на бројот на странски инвестиции во државата
2. **Вештини и инклузија** – вложување во образованието, поефикасна социјална заштита, подобар пристап до основни услуги и подостапни услуги од страна на општините.

Тековни проекти за оваа цел се заем за конкурентност, проект за катастарот на Р. Македонија, проект за енергетска ефикасност, заем за подобрување на патната инфраструктура, ИФЦ проектот за мали претпријатија, проект за вештини и иновации, проект за услуги од општините.

Заемите кои Светска Банка ги одобрила на Република Македонија, низ пооделните временски периоди се графички претставени на следниот графикон:

*Графикон 1: Одобрени заеми од Светска Банка на Република Македонија 2012-2016, изразено во милиони американски долари*




*Извор: www.worldbank.org.mk*

Од прикажаната графичка анализа може да се констатира дека најголем износ на заеми во последните пет години од Светската Банка за Република Македонија е одобрен во 2013 година. Приложените заеми се од ИБРД и од ИДА односно заемите се за обнова и развој на државата. Од страна на Светска банка континуирано се одобруваат заеми за Р. Македонија за најразлични проекти во временски период од 1995 год. до 2016 година, со исклучок на 2000 и 2003 год. во кои не е воспоставен ангажман со Светска Банка. Приближно најголем процент од заемите што ги одобрува Светска Банка за Република Македонија за 2016 година, е концентриран во владината администрација за подобрување на функционирањето на јавниот сектор, судството и администрацијата и на нив отпаѓаат околу 23% од вкупните заеми од страна на Светска банка. Голем дел од заемите се за подобрување на здравството, инвестиции во индустријата и трговијата, подобрување на судството и јавната администрација и други општествени услуги. Дел од заемите се искористени за подобрување на инфраструктурата на земјата и за развивање на агро-културата и земјоделието.




*Извор:* http://www.nbrm.mk

## 3. ТЕКОВНИ ПРОЕКТИ ФИНАНСИРАНИ СО ЗАЕМИ ОД СТРАНА НА СВЕТСКА БАНКА

Светска Банка претставува извор на финансирање со многу поволни начини на исплаќање на долгот, за разлика од финансиските пазари кои нудат капитал со многу високи каматни стапки. Предностите од оваа соработка се согледува во одржувањето на стабилен девизен курс и намалувањето на буџетскиот дефицит, па и постигнување на макроекономска стабилност во државата. Светска Банка е најадекватен извор на финансирање во услови на отсуство на странски директни инвестиции.

Тековни проекти финансирани со заеми од страна на Светска Банка во Република Македонија:

- **Проект за развој на вештини и иновации** – одобрени се средства од 17,7 милиони евра, проектот ќе се реализира во периодот од 2014 до 2019 година.

Со реализацијата на Проектот ќе се спроведат реформи во високото образование, како и зајакнување на институционалните капацитети на универзитети кои ќе придонесат за квалитетно и ефикасно високо образование кое ќе одговара на потребите на приватниот сектор и општеството. Воедно, ќе се зајакне квалитетот на стручното образование со цел прилагодување на потребите на пазарот на трудот. Поточно, со реализацијата на овој проект ќе се дефинираат потребните стручни вештини и нивно усовршување уште во текот на образовниот процес, односно усовршување на оние вештини кои им се потребни на младите во текот на нивната работа. Исто така, ќе се овозможи подобрување на иновацискиот капацитет на компаниите преку подобар пристап до вештини, знаење и технологија.

- **Проект за АД МЕПСО – ECSEE APL** – заем од 20,7 милиони евра, проектот ќе се одвива од 2006 до 2016 година.

Целта на Проектот е да се поддржи функционирањето на АД МЕПСО во контекстот на регионалниот пазар на енергија преку финансирање инвестиции потребни да се рехабилитира и надгради електропреносната мрежа, да се подигне нивото на интерконекција со соседните електроенергетски системи и да се зајакнат институционалните капацитети на АД МЕПСО.

- **Проект за АД МЕПСО** - дополнително финансирање – за реализација на овој проект одобрен е заем од 14 милиони евра, проектот ке се реализира во периодот од 2011 до 2016 година.

Целта на Проектот е да се поддржи функционирањето на АД МЕПСО во контекстот на регионалниот пазар на енергија преку финансирање инвестиции потребни да се рехабилитира и надгради електропреносната мрежа, да се подигне нивото на интерконекција со соседните електроенергетски системи и да се зајакнат институционалните капацитети на АД МЕПСО.

- **Подобрување на општинските услуги – МСИП** – чини 18,9 милиони евра и ке се реализира во периодот од 2009 до 2018.

Развојната цел на овој проект е да се подобри транспарентноста, финансиската одржливост и испорака на целни општински услуги во општините учеснички во проектот.

- **Проект за подобрување на општинските услуги-дополнително финансирање** заем од 37,2 милиони евра, а ќе се реализира во периодот од 2012 до 2017 година.

Подобрување на перформансите на урбаните економии и квалитетот на управувањето на општинско ниво преку обезбедување на соодветна финансиска и советодавна поддршка на повеќе општини и нивните јавни претпријатија, како во делот на подобрување на комуналните услуги, така и во делот на унапредување и зајакнување на општинските функции и надлежности.

- **Втор проект за подобрување на општинските услуги** - одобрен е заем од 25 милиони евра, проектот ќе започни во 2016, а се смета да заврши во 2021 година.

Развојната цел на овој проект е да се подобри транспарентноста, финансиската одржливост и испорака на целни општински услуги во општините - учеснички во проектот.

- **Проект за условени парични трансфери** – за овој проект се одобрени 19,3 милиони евра, и ќе се одвива во периодот од 2009 до 2017 година.

Зајакнување на ефективноста и ефикасноста на мрежата за социјална заштита преку: воведување на условени парични трансфери и подобрувања во администрацијата, надзорот, следењето и евалуацијата на трансферите на социјална помош.

- **Проект за рехабилитација на магистралните и регионалните патишта** – одобрени средства за овој проект се 52 милиони евра, ќе се реализира во периодот од 2014 до 2019 година.

Со реализацијата на овој проект ќе се подобри поврзаноста на избраните магистрални и регионални патишта со Коридорот X и Коридорот VIII, како и ќе се подобри капацитетот на ЈП за државни патишта во однос на безбедноста на патиштата.

- **Проект за надградба и развој на патиштата Ранковце-Крива Паланка** – одобрен е заем од 83 милиони евра, а ќе се реализира во периодот од 2015 до 2020 година.

Целта на Проектот е подобра транспортна поврзаност долж Коридор 8, помеѓу Скопје и Деве баир. Проектот е планиран во две компоненти: со првата ќе се врши изградба на патниот правец Ранковце-Крива Паланка (78 милиони евра), додека со втората компонента ќе се изврши зајакнување на ЈП за државни патишта и воспостави Систем за управување со мостови (5 милиони евра).

## 4. ЗАКЛУЧОК

Аранжманите на Светска банка со владата на Р. Македонија се во насока на поттикнување на конкурентноста. Се залагаат за овозможување на локалните бизниси да работат во многу добри услови со цел да се овозможи подобрување и зголемување на бројот на работни места, а со тоа да се постави одржлив развој за државата. Потребни се изнаоѓање на начини за подобрување на образовните резултати и јавни услуги за да се подржи растот и да се осигура дека најголем дел од населението ги користи придобивките од растот.

Како долгорочна стратегија на државата е интеграција кон Европска Унија. За да се достигне целта потребни се промени во економските политики и реформи кои се остваруваат во соработка со Светската Банка.

## ЛИТЕРАТУРА

[1] http://www.finance.gov.mk/mk/node/308
[2]The world bank group, http://www.worldbank.org/mk/country/macedonia
[3]The world bank group, http://www.worldbank.org/mk/news/feature/2013/04/01/achieving-green-growth-in-macedonia
[4]The world bank group, http://web.worldbank.org/archive/website01354/WEB/0__CO-34.HTM
[5]The world bank group, http://web.worldbank.org/WBSITE/EXTERNAL/PROJECTS/PROCUREMENT/0,,contentMDK:20109658~pagePK:84269~piPK:60001558~theSitePK:84266,00.html
[6]The world bank group, http://databank.worldbank.org/data/reports.aspx?source=2&country=MKD
[7]State statistical Office, http://www.stat.gov.mk/KlucniIndikatori_en.aspx
[8] http://www.nbrm.mk/WBStorage/Files/WebBuilder_Odnositena_RM_megunarodnifinansiskinstitucii_april2015.pdf